ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 378 и член 383 ст.1 т.3 од Законот за трговските друштва и членови 40, 74, 75, 103 и 104 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, Собранието на АЛКАЛОИД АД Скопје на седницата одржана на ден 03.04.2023 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за престанување на мандатот на членовите на Надзорен одбор на Друштвото поради истекот на времето за коешто се избрани и избор на членови на Надзорен одбор на Друштвото

1. На членовите на Надзорен одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје во состав:

- Проф Д-р Миодраг Мицајков, Претседател
- Проф Д-р Илија Џонов, независен член
- Бојанчо Кралевски, член

   на ден 25.04.2023 година им престанува мандатот поради истекот на времето за коешто се избрани.

2. За членови на Надзорен одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје се избираат:

- Проф Д-р Миодраг Мицајков
- Бојанчо Кралевски
- Лидија Софревска - Андонова

3. За независен член на Надзорен одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје се избира Лидија Софревска – Андонова.

4. Членовите на Надзорен одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје се избираат за период од 4 (четири) години, сметано од 26.04.2023 година.

5. Да се изврши упис на избраните членови на Надзорен одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје во трговскиот регистар при Централен регистар на Република Македонија.

6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на АЛКАЛОИД АД Скопје
Претседавач

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На членовите на Надзорен одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје избрани со Одлука бр. 0201-12 од 03.04.2017 година донесена на Собрание на Друштвото им престанува мандатот поради истекот на времето за коешто се избрани.

До Друштвото пристигна Предлог од акционер кој поседува над 5 % од вкупниот број на акции со право глас издадени од Друштвото за избор од страна на Собранието на горенаведените кандидати, со прилог податоци за кандидатите согласно член 74 ставови 2 и 3 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје и член 344 ставови 3 и 4 од Законот за трговските друштва.

Надзорниот одбор го разгледа Предлогот од акционерот и потврди дека кандидатите ги исполнуваат бараните услови утврдени со важечките законски прописи, Статутот и внатрешните акти на Друштвото. Воедно, Надзорниот одбор потврди дека кандидатите за членови на Надзорниот одбор се вклопуваат во Профилот на Надзорен одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје и одлуката ја направи достапна за акционерите.